**20251332919**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**

Врз основа на член 31 став (9) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 151/22, 208/24 и 59/25), министерот за финансии, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВНЕСУВАЊЕ, ПРИЈАВУВАЊЕ, ИСПРАВКА И БРИШЕЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ, НАЧИНОТ НА ИЗРАЗУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА УДЕЛОТ (ИНДИКАТОР ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СОПСТВЕНОСТА), НАЧИНОТ НА ПРЕБАРУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ, НАЧИНОТ НА ОДРЖУВАЊЕ И АДМИНИСТРИРАЊЕ И ТЕХНИЧКИТЕ БАРАЊА (ПОТРЕБИ) ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ВИСТИНСКИ СОПСТВЕНИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на внесување, пријавување, исправка и бришење на податоците од Регистарот на вистински сопственици, начинот на изразување на висината на уделот (индикатор за утврдување на сопственоста), начинот на пребарување и користење, начинот на одржување и администрирање и техничките барања (потреби) за воспоставување на Регистарот на вистински сопственици.

Член 2

(1) Внесување, пријавување, исправка и бришење на податоците за вистинскиот сопственик на правниот субјект во Регистарот на вистински сопственици (во натамошниот текст: Регистарот) се врши преку интернет криптирана конекција, со користење на веб-базирани електронски системи (во натамошниот текст: регистарски систем) достапни преку веб-порталот на Централниот регистар на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: администраторот на регистарот).

(2) Со внесување на податоци во Регистарот се врши запишување на податоците за вистинскиот сопственик на правниот субјект за прв пат во регистарскиот систем.

(3) Со пријавување на промена на податоците во Регистарот се врши запишување на промена на податок за вистинскиот сопственик веќе внесен во регистарскиот систем.

(4) Со исправка на податоците за вистинскиот сопственик во Регистарот се врши исправка на очигледни технички грешки на податоците за вистинскиот сопственик во регистарскиот систем (имиња, букви, бројки и сл.).

(5) Со бришење на податоците за вистинскиот сопственик од Регистарот се врши целосно бришење на податоците за вистинскиот сопственик внесени во регистарскиот систем.

Член 3

(1) Внесување, пријавување и исправка на податоците во Регистарот се врши на следниот начин:

- податоците за правниот субјект, со исклучок на правните аранжмани и тоа: назив, седиште, единствен матичен број на субјектот и даночен број, датум на основање, односно упис во трговскиот регистар и регистарот на други правни лица и бришење на деловниот субјект, кои по службена должност и автоматски се преземаат и евидентираат од

единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица што се водат кај администраторот на регистарот со внесување на единствен матичен број на субјектот од страна на подносителот;

- податоците за правниот аранжман и тоа: назив, датум и место на основање, даночен број или друг идентификациски број, земја под чие право е основан, се внесуваат од страна на подносителот, како и основот од член 31 став (2) од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) (во натамошниот текст: Законот);

- податоците за вистинскиот сопственик и тоа: име и презиме (лично име), единствен матичен број на граѓанинот на Република Северна Македонија или друг идентификациски број, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, датум на раѓање и државјанство, кои по службена должност и со користење на електронски средства се преземаат од Централниот регистар на население, со внесување на матичниот број на граѓанинот на Република Северна Македонија, за граѓани на Република Северна Македонија кои живеат во државата или во странство, како и странци со уреден престој во Република Северна Македонија подолго од една година или се внесуваат од страна на подносителот за странец со латинско писмо, како што се запишани во важечкиот документ за идентификација;

- податоците за сопственоста на вистинските сопственици ги внесува подносителот преку избор на индикатор за утврдување на сопственоста согласно член 4 став (2) од овој правилник и

- податоци за датумот - денот од кога лицето/та се стекнало/е со својство на вистински сопственик.

(2) Внесувањето, пријавувањето, исправката и бришењето на податоците во Регистарот се врши по пополнување на сите задолжителни податоци за вистинскиот сопственик и електронско потпишување со квалификуван сертификат.

(3) Правниот субјект електронски се известува за успешно завршување на внесот,

исправката или бришењето на податоците за вистинскиот сопственик во регистарот, при што за тоа му се издава електронски потпишан документ.

Член 4

(1) Подносителот внесува податоци за сопственичкиот удел или друга форма и вид на сопственост или контрола на вистинскиот сопственик на правниот субјект (во натамошниот текст: индикатор за утврдување на сопственоста).

(2) Подносителот ги внесува податоците од став (1) на овој член со избор на еден од следните индикатори за утврдување на сопственоста од системот:

1. Директна сопственост;
2. Индиректна сопственост или
3. Физичко лице кое има висока управувачка позиција во правното лице или физичко лице кое на друг начин остварува контрола на правното лице.

(3) До избраниот индикатор на сопственост од став (2) точки 1 и 2 на овој член се наведува и процентуалниот износ на уделот, акциите, односно процентуалниот износ на право на глас, како и датум на важење на индикаторот за утврдување на сопственоста.

(4) При избор на индикаторот за утврдување на сопственоста од став (2) точка 3 на овој член се наведува и својството во кое вистинскиот сопственик се запишува преку избор од дадени опции од системот.

Член 5

(1) Податоците за правните субјекти и нивните вистински сопственици се достапни на јавноста во форма на информација и се издаваат преку Системите за издавање на информации на администраторот на Регистарот.

(2) Информацијата од ставот (1) на овој член ги содржи последните впишани податоци за правните субјекти и вистинските сопственици запишани во соодветниот регистар.

(3) Податоците од ставот (1) на овој член може да се пребаруваат по назив на правниот субјект, единствен матичен број на субјектот, единствен даночен број, како и по име и презиме на вистински сопственик. Во случај кога пребарувањето се врши по име и презиме на вистински сопственик, системот заради поблиска идентификација го користи и податокот за месец и година на раѓање на лицето за кое се побарува информацијата.

(4) Информациите од ставот (1) на овој член се користат од страна на корисници евидентирани во системот за централизирано управување со корисници на администраторот на регистарот кои може да се идентификуваат согласно претходно електронски поднесено барање за кое добиле пристап до регистарскиот систем.

(5) Субјектите од член 33 став (3) од Законот имаат директен електронски пристап до сите податоци за вистинските сопственици, согласно правилата за работа на администраторот на Регистарот и за секое пребарување го внесуваат основот за пребарувањето, како што е анализа на клиентот при воспоставување на деловен однос, анализа при спроведување на трансакција, спроведување на засилена анализа на клиент односно трансакција и други анализи, во согласност со потребите на преземање мерки и дејствија заради откривање и спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

(6) За потребите на спроведување на обврските од член 33 став (2) и член 151 став (6) од Законот, Управата за финансиско разузнавање (во натамошниот текст: Управата) и администраторот на регистарот разменуваат податоци и информации преку веб сервис и Управата добива извештаи генерирани врз основа на податоците од Регистарот согласно закон врз основа на склучен меморандум со администраторот на регистарот, согласно член 139 од Законот.

(7) На веб локацијата на администраторот на регистарот се објавуваат ажурни кориснички упатства за користење на регистарскиот систем.

Член 6

(1) Регистарот се одржува и администрира на начин што овозможува висока достапност за електронско евидентирање на податоци во Регистарот и електронски пристап до податоци од Регистарот, согласно прописите за заштита на личните податоци.

(2) Во Регистарот се чуваат сите евидентирани податоци, измени и бришења на податоци за вистински сопственици, вклучувајќи го и датумот и времето на упис, согласно закон и прописите донесени врз основа на тој закон.

Член 7

(1) Регистарот се состои од централизирана платформа обезбедена преку веб-локацијата на администраторот на Регистарот.

(2) Централизираната платформа се состои од најмалку три механизми и тоа за собирање на податоци, за моделирање на податоци и за дистрибуција на податоци.

(3) Запишувањето на податоците во регистарот односно нивната достапност треба да биде обезбедена во реално време.

(4) Регистарот обезбедува сигурност, достапност, интегритет и доверливост на податоците со кои оперира.

(5) Заради обезбедување на точни и навремени податоци, Регистарот електронски се поврзува и користи податоци од:

- Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица што се водат кај администраторот на Регистарот при внесувањето податоци и издавањето информации,
- Регистарот на буџетски корисници што се води во Министерството за финансии и

- Централниот регистар на население што се води во Министерството за дигитална трансформација.

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на внесување, пријавување, исправка и бришење на податоците од регистарот на вистински сопственици, начинот на користење, начинот на изразување на висината на уделот (индикатор за утврдување на сопственоста), начин на одржување и администрирање, техничките барања (потреби) за воспоставување на регистарот на вистински сопственици („Службен весник на Република Македонија” бр. 186/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 19/22).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13-5335/1
30 јуни 2025 година
Скопје

Министер за финансии,
м-р **Гордана Димитриеска-Кочоска,** с.р.